**20161944408**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 67 став 7 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМОТ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за системот на наградување на царински службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/15) членот 5 се менува и гласи:

„Јубилејната награда се доделува во вид на паричен износ изразен како процент од просечната нето плата на ниво на Царинска управа исплатени во последните три месеци на вработен во Царинска управа, и тоа:

- за 10 години непрекината работа во Царинската управа – 10% од просечната нето плата,
- за 20 години непрекината работа во Царинската управа – 20% од просечната нето плата и
- за 30 години непрекината работа во Царинската управа – 30% од просечната нето плата .“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-4904/5
17 октомври 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.